**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-56/1**

**Скопје, 12.01.2006 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ГОСТИВАР**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Гостивар за 2004 година, кои се прикажани на страните од 13 до 14 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Гостивар за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

Џемаил Реџепи - градоначалник на општина Гостивар од 01.01.2004 до 31.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 12 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 20.07. до 29.07.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Лилјана Стојанова - помошник на ГДР и овластен државен ревизор,
- Катица Николовска - ревизор,
- Билјана Сурлевска - ревизор, и
- Катерина Чаловска - помлад ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат

финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 29.12.2005 година со писмо број 11-898/8 примени се забелешки по предходниот извештај на овластениот државен ревизор од одговорното лице на субјектот за периодот кој е предмет на ревизија. Истите се разгледани и е констатирано следното:

- забелешките на точките 10.2.1.;10.2.2..;10.3.4.;10.3.5.;10.3.9.;10.3.13.;и 10.4.4. кои се однесуваат на неправилности во делот на приходите на буџетот, директни исплати од Буџетот, неконзистентност кај оделните позиции во главната книга и годишната сметка, недефинирани односи со инвеститорите, исплата на плати и надоместоци, непресметување и неплаќање на персонален данок како и исплати без комплетна документација не се прифаќаат од причина што е постапено спротивно на позитивните законски прописи;
- забелешките на точка 10.2.7. а кои се однесуваат на неконзистетност кај оделните позиции во главната книга и годишната сметка, делумно се прифаќаат.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 11.1. Неправилна примена на актите

11.1.1. Не се превземени иницијативи за усогласување на интерните документи и акти (статут, актите за организација и работа и актите за систематизација) согласно роковите предвидени со Законот за локална самоуправа (Сл. весник 5/2002 година). Во текот на 2004 година донесен е правилник за организирање на државна администрација кој правилиник не е одобрен од Агенцијата за државни службеници. Неусогласувањето на актите во законски утврдените рокови го нарушува принципот на законско работење на единицата на локалната самоуправа и допринесува да неможе да се изврши пополнување на оптималните работни места неопходни за извршување на работите и задачите.

**Препорака:**

Ревизијата не дава препораки од причина што во 2005 година, направени се потребните усогласувања на актите согласно законските обврски.

11.1.2. Средствата од Буџетот до Органот на општина Гостивар се пренесуваат со еден налог без одредена намена спротивно на Законот за буџети односно средствата не се дотираат според расходните сметки. Со тоа се губи можноста за следење на наменското трошење на средствата од буџетот. На крајот на годината, врз основа на направените трошоци во органот, дотациите се раскнижуваат по соодветни трошковни сметки. Оваа појава е резултат на недоволната екипираност на службите со потребните кадри, според усните кажувања на одговорните лица.

**Препорака:**

При дотацијата на средствата од сметката на Буџетот до сметката на Органот во секој налог треба да биде наведена точната расходна сметка за која се дотираат средствата согласно планираното во буџетот.

## 11.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела

11.2.1. Општина Гостивар остварува приходи спротивно на член 5 од Законот за буџети од наплата на такси и надоместоци за добивање разни документи како што се:

- добивање на пасоши;
- придружување на деца кон патни исправи на родителите;
- добивање на државјанство;
- визи за привремен престој во земјата;
- регистрирање на оружје;
- визи за привремен излез од земјата, и
- добивање на уверение за брачна состојба.

Ова се всушност приходи кои согласно законските прописи се остваруваат од услуги на органите на власта поконкретно од Министерство за внатрешни работи кои за издавање на соодветни документи наплатуваат надомест согласно пропишаните одлуки на министерот.

На овој начин, во општината се остваруваат приходи спротивно на законските прописи, истовремено се врши упад во приходите на Министерството за внатрешни работи на сметката за приходи од органите.

**Препорака:**

Ревизијата не дава препораки по овој наод од причина што со доаѓање на власт на новото раководство на општина Гостивар оваа состојба е надмината.

11.2.2. Во периодот од Јули до Декември 2004 година спротивно на Законот за буџети, сметката на буџетот се користи за редовно работење на општината. Ова е од причина што во Јули 2004 година од Основниот суд на Гостивар донесено е извршно решение Ис.бр. 80/03 на износ од 21,935 илјади денари од ГП „Гранит“ со кое е извршено блокирање на сметката на Органот на општината.

Спротивно на Законот за буџетите вршени се директни исплати од сметката на буџетот и потрошени се средства во износ од 15,290 илјади денари.

Со ваквиот начин на работење не се трансферираат средства до органот и постои неможност за наплата на судското решение, поради непочитување на законските прописи.

**Препорака:**

Согласно Законот за буџетите, сметката на Буџетот да се користи за прибирање на приходите и трансфери на средства до Органот од каде ќе се вршат сите исплати.

11.2.3. Спротивно на член 50 од Законот за локална самоуправа, овластени потписници на сметките од буџетот и советот со кои работи општина Гостивар се градоначалникот, секретарот и претседавачот на советот. Располагањето со средствата од сметките е поединечно за секој потписник иако Градоначалникот е одговорен за извршување на буџетот. На овој начин се зголемуваат можностите за ненаменско користење на средствата надвор од планирањата со буџетот, а претставуваат јавни расходи.

**Препорака:**
Согласно член 50 точка 8 од законот за локална самоуправа, градоначалникот на општината е лице одговорно за извршување на буџетот.

11.2.4. Општина Гостивар нема воспоставено систем на редовна внатрешна сметководствена контрола, што е спротивно на член 17 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Немање на редовна внатрешна сметководствена контрола овозможува ненаменско трошење на јавните средства и зголемени трошоци.
**Препорака:**
Да се почитуваат одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници поточно член 17 и да се воспостави систем на редовна внатрешна сметководствена контрола.

11.2.5. Дел од сметководствените документи кои се предмет на евиденција во сметководството на општина Гостивар се напишани само на албански јазик спротивно на одредбите на Законот за локална самоуправа, Статутот на општина Гостивар и Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.
Со ваквиот начин се нарушува принципот на јавност и законитост во работењето на локалната самоуправа.

11.2.6. Не постои усогласување на почетните состојби на одделни ставки во главната книга за 2004 година со заклучните состојби на истите на крајот на претходната фискална година спротивно на член 9 став 3 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Како последица на ваквиот начин на евидентирање е немање на континуитет во финансиските трансакции и нереални финансиски извештаи.
**Препорака:**
Да се почитуваат одредбите од законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници поточно член 9 од истиот закон со цел изготвување на реални финансиски извештаи.

11.2.7. Не постои усогласување меѓу состојбите на сметките во главната книга на ден 31 декември 2004 година со искажаните состојби на одделни ставки во годишната сметка усвоена од Советот на општината спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.
Непочитувањето на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и несоодветното прикажување на одделни расходни ставки, и тоа : Патни и дневни расходи, Комунални услуги, Комуникација и транспорт, Материјали, Тековно одржување, Договорни услуги, Други опреативни расходи, Тековни трансфери, Каматни плаќања и Основно и специјално одржување со други вредности од оние што се искажани во главната книга придонесува за погрешно информирање на советниците, а преку нив и на јавноста во однос на наменското и законско користењето на средствата со кои располага општината.
**Препорака:**
Транспарентноста и јавноста на трошењето на јавните средства е една од важните функции во работењето на општините. Годишната сметка која се усвојува на советот треба да биде веродостојна со годишната сметка на буџетот која се доставува до надлежните органи.

11.2.8. Кај благајничкото работење постапувано е спротивно на Законот за платен промет и ревизијата ги утврди следните наоди:

- Не е донесена Одлука за утврдување на благајнички максимум;
- Благајничките извештаи не се изготвуваат редовно при секоја промена на состојбата во благајната, кое е спротивно на одредбите за благајничко работење;

- Спротивно на член 7-а од Законот, вршени се исплати преку благајната по основ на договор на дело кои исплати се поголеми од 100 евра во денарска против вредност.

Предходното доведува до нереално искажување на паричните средства во благајната и можни злоупотреби на истите.

**Препорака:**

Ревизијата цени дека квалитетот на благајничкото работење и неговото евидентирање значително ќе се подобри доколку општина Гостивар пропише акт за благајничко работење, и субјектот ги разграничи надлежностите и одговорностите на вработените.

11.2.9. Општина Гостивар располага со материјални средства како што се патишта, улици и други објекти кои во книговодството на општината не се евидентирани на соодветните сметки пропишани со Правилникот за сметковниот план на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Во текот на 2004 година, на објекти од овој вид по разни основи, има направено расходи во вкупен износ од 7,791 иљади денари кои не се соодветно евидентирани како зголемување на вредноста на истите и истовремено зголемување на Државниот- јавен капитал. Ваквото постапување е спротивно и на одредбите од членот 67 од Законот за јавни патишта (Сл.весник на РМ бр, 26/96……29/02), општината не води евиденција за состојбата на локалните патишта и улици.
И покрај претходно наведеното во Општина Гостивар нема воведено евиденција на споменатите објекти, истото е резултат на една подолго применувана пракса. Нереалното искажување на материјалните средства не дава права слика за состојбата во општината.

**Препорака:**

- Да се преземат мерки и активности за евидентирање на локалните патишта и улици (сервисни и стамбени) кои припаѓаат на општината Гостивар, и
- Да се воведе пракса за евидентирање на капиталните расходи на соодветните конта за материјаните и нематеријалните средства и Државниот- јавен капитал.

11.2.10. За капиталните расходи кои значат инвестиции во тек по основ на изградба, реновирање и друг вид на вложување правниот субјект не води евиденција на позицијата Матријални средства во подготовка, што не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметковниот план на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Поради тоа оневозможено е да се следи вложувањето во одреден објект, соодветно на тоа и да се евидентира зголемување на набавната вредност и деловниот фонд, при давање на истите во употреба.

**Препорака:**

Вложувањата во материјалните средства да се евидентираат на ставките за инвестиции во тек – градежни објекти, опрема и друго и по активирањето да се евидентираат од овие ставки на ставките за Материјални средства во употреба и истовремено да се изврши зголемување на Деловниот фонд.

11.2.11. Не е почитуван Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, бидејќи преку сметката на буџетот не се спроведени и евидентирани приливи на парични средства по основ на цесии во вкупен износ од 12.895 иљади денари и тоа :

- со Фондот за регионални и магистрални патишта, Шпутим Комерц и Општина Гостивар на износ од 11.186 иљади денари,
- цесија 001/2004 меѓу Општина Гостивар, ЈП Гостивар и ТД Еврогранит на износ од 1,709 иљади денари. Во договорот не е наведен основот по кој општина

Гостивар има побарување од ЈП Гостивар. Цесијата иако е потпишана од трите страни, во евиденцијата на општина Гостивар нема доказ дека е спроведена ниту е евидентирана.

Причината за ваквиот начин на работење најчесто произлегува од инстутициите кои ги даваат средствата и ги пуштаат директно на изведувачот без спроведување на цесиите преку сметките на буџетите на единиците на локалната самоуправа. Ова доведува до нереално искажување на позициите во финансиските извештаи.

**Препорака:**

Да се почитуваат одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

## 11.3. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите

11.3.1. Поради погрешна сметководствена евиденција, ревизијата утврди нереално искажување на приходите во Билансот на приходи и расходи, спротивно на Правилникот за класификација на приходите. Поради ова извршено е преценување на позицијата Неданочни приходи во вкупен износ од 808 илјади денари, а истовремено извршено е потценување на ставката Даночни приходи за износ од 808 илјади денари.

**Препорака:**

Средствата по основ на приходи да се евидентират на соодветните сметки согласно Правилникот за класификација на приходите. Нивно евидентирање на сметките од група Неданочни приходи би создале погрешна слика за остварените изворни приходи. Со тоа може погрешно да се влијае на донесување на одлуки и мерки поврзани со наплатата на даноците, посебно во услови на пилот проект на општина Гостивар во делот на децентрализација на прибирањето на приходите од даноци.

11.3.2. Поради неевидентирање на цесии во сметководството на општината помеѓу општина Гостивар, Фондот за магистрални и регионални патишта на РМ и изведувачот Шпутим комерц од Гостивар и цесијата помеѓу Општина Гостивар, ЈП Гостивар и ТД Еврогранит, извршено е потценување на позицијата Приходи за износ од 12.895 илјади денари за кој износ е потценета и позицијата Капитални расходи, истото нема ефект на Вишокот на приходи над расходи.

Овие трансакции не се спроведени преку сметката на единицата на локална самоуправа спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, ниту се евидентирани во сметководствената евиденција на Буџетот на единицата за локална самоуправа Гостивар, поради што се потценети приходите и расходите за наведениот износ.

**Препорака**:

Да не се користат формите за плаќање како асигнации, компензаци и цесии бидејќи создаваат можност за измами, грешки, злоупотреби, корупција и набавки по зголемени цени.

11.3.3. Поради незконско прибирање на приходи од наплата на такси за добивање на разни документи спротивно на Законот за буџетите, кои се всушност приходи на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, изршено е преценување на ставките Приходи и на Вишокот на приходи над расходи во износ од 10,827 илјади денари, колку што се прибрани приходи во текот на 2004 година по овој основ.

Во периодот од 2002 до мај 2005 по овој основ собрани се приходи во Буџетот на општина Гостивар во износ од околу 35,000 илјади денари.

**Препорака:**

Ревизијата не дава препорака по овој наод од причина што со доаѓањето на новиот градоначалник во општина Гостивар, приходи во буџетот се остваруваат согласно законот за буџетите.

11.3.4. Во текот на 2004 година општина Гостивар како соинвеститор има склучено неколку договори за капитални инвестиции и тоа:

а) Со Јефута Инжинеринг договор за реконструкција на центарот на градот, т.е плоштад во Гостивар со вкупна вредност на инвестицијата од 11,575 илјади денари. Како коинвеститори се јавуваат ЈП за уредување на комунално земјиште"Гостивар" и ЈП "Комуналец" од Гостивар. Во договорот не постои утврдување на обврските и правата меѓу соинвеститорите ниту пак постои посебен договор кој би ги регулирал овие права и обврски.

б) Договор со „Адмирал" од Куманово за изградба на фонтана во центарот на градот во износ од 586 илјади денари и коинвеститори ЈП за уредување и употреба на градежно земјиште "Гостивар" и ЈП"Комуналец". Со договорот е предвидено да инвеститорите пропорционално земат учество во инвестицијата, т.е. секој ќе учествува со 33%. По овој договор Општина Гостивар има евидентирано расходи од 361 илјади денари или 62% од вредноста на инвестицијата. Кон соинвеститорите нема доставено никакви фактури.

По основ на овие договори, општина Гостивар има остварено приходи од само 120 илјади денари, а ги има подмирено обврските скоро во целост.

Со ваквиот начин на недефинирани обврски со соинвеститорите се придонесува за зголемување на трошоците и до ненаменско користење на средствата.

**Препорака:**

Да се направи ревидирање на договорите каде покрај општина Гостивар како инвеститори се јавуваат и други фирми со цел точно утврдување на реални критериуми во однос на заедничкото учество во инвестирањето на проекти или склучување на меѓусебни договори меѓу инвеститорите со јасно утврдени обврски и начинот на нивното исполнување.

11.3.5. Ставката - Основни плати и наемнини во Билансот на приходи и расходи, во делот на потставката Основни плати- функционери е преценета во вкупен износ од 168 илјади денари, за исплатените нето функционерски плати на секретарот на Советот и главниот градски архитект. Поради тоа извршено е потценување на потставката Основни плати- работници за истиот износ. Вака исплатените плати се во спротивност со Законот за исплата на плати и надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и на другите избрани и именувани лица во Републиката.

Поради непостоење на акт за пресметка на плата на погоре наведените лица, во согласност со критериумите кои важат за органите на Општината, ревизијата не е во состојба да го квантифицира ефектот на претходниот наод врз вишокот на приходи над расходи.

**Препорака:**

При исплатата на платите треба да се почитуваат одредбите од Законот за исплата на плати и надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и на другите избрани и именувани лица, за лицата кој имаат третман на функционери.

11.3.7. Врз основа на Одлуката за определување на паушален надомест за учество на седниците на Советот и работните тела на советници и надворешни членови од 28.12.2000 година, на советниците им се исплатува месечен надомест во износ од 5 илјади денари како теренски додаток за работи со електоратот. Одлуката не е усогласена со Законот за локална самоуправа.

Исплатата на овие средства е спротивна на член 100 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002).

Како ефект на овие незаконски исплати извршено е преценување на ставката Нето плати и наемнини во износ од 485 илјади денари, поради што е потценета ставката Вишок на приходи над расходи за истиот износ.

**Препорака:**

При исплата на надомест на советниците да се почитува член 100 од Законот за локална самоуправа каде стои дека членовите на советот ќе примаат надоместок за присуство на седница без оглед на нејзино времетраење, најмногу до 30% од просечната месечна нето плата во РМ исплатена во последните три месеци.

11.3.8. Исплатата на надоместоците за градоначалникот, секретарот на советот и градскиот архитект се во износи кои се повисоки од надоместот утврден со решение бр. 08-776/1 од 05.12.2000.
На ревизијата не и беше доставена одлука за промена на надоместот на наведените лица од причина што таква одлука нема донесено од Советот на општина Гостивар.
Исплатените надоместоци за функционери во висина од 210 илјади денари се неосновано исплатени спротивно на Законот за исплата на плати и други надоместоци на пратениците во собранието на Република Македонија и на другите избрани и именувани лица во Република Македонија. Поради тоа извршено е преценување на позицијата Нето плати и наемнини во износ од 210 илјади денари за кој износ е потценета позицијата Вишок на приходи над расходи.
**Препорака:**
Да се почитуваат одредбите од Законот за исплата на плати и други надоместоци на пратениците во собранието на Република Македонија и на другите избрани и именувани лица во Република Македонија како и член 95 од Законот за локална самоуправа.

11.3.9. Ставката Нето плати и наемнини е преценета за износ од 85 илјади денари за кој износ е потценета позицијата Вишок на приходи над расходи за исплатениот надомест за хранарина и за време на користење на годишни одмори.
Спротивно на одредбите кои ги регулираат надоместоците на вработените во ЕЛС наведени во Колективниот договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа како и со Одлуката за извршување на буџетот на општина Гостивар.
**Препорака:**
Доследна примена на одредбите на членовите во Колективниот договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа кои се однесуваат на утврдување, право и исплата на надоместоците по основ на права од работен однос.

11.3.10. За исплатените 99 илјади денари на име надоместоци за теренски додаток, спротивно на одредбите од Колективниот договор за парвосудните, државните органи и единиците на локалната самоуправа извршено е преценување на ставката Нето плати и наемнини. Како ефект од ова е потценување на ставката Вишок на приходи над расходи. За исплатата на овие средства нема никакво решение ниту било каков друг акт по кој е извршена оваа исплата.
**Препорака:**
За секоја исплата да се обезбеди соодветен документ решение, договор, одлука и друго согласно позитивните законски прописи.

11.3.11. Ставката Изградба, реновирање и унапредување е преценета за износ од 119 илјади денари за кој износ е потценет вишокот на приходи над расходи поради двојно платени расходи за развод на електроинсталации и водоводна ПВЦ инсталација, поставување на главни осигурачи, изработка на електроорман и набавка на потопна пумпа и декалцинатор и тоа еднаш по про- фактура бр.18/04 од 01.07.2004 година и вторпат преку сметката на Органот по фактура бр.18/04 од 28.09.2004 година. Непостоењето на внатрешните контролни постапки доведува до можност на грешки и зголемени трошоци.
**Препорака:**

- Потребно е документите да бидат уредно ликвидирани и навреме евидентирани во сметководството, со што грешките за двојна исплата би се анулирале.

- Надлежните служби да преземат мерки за враќање на повеќе исплатените средства.

11.3.12. За искажаните расходи во износ од 361 илјади денари на ставката Изградба, реновирање и унапредување ревизијата се оградува од реалноста на истите поради некомплетност на приложените документи. Имено, договорот за градба помеѓу општина Гостивар, ЈП за уредување и употреба на градежно земјиште ,, Гостивар,, и ЈП ,,Комуналец,, како нарачатели од една страна и ,,Адмирал,, ДООЕЛ- Куманово како изведувач од друга страна, не е потпишан од инвеститорите и изведувачот, нема архивски број и датум, нема приложено ситуации, записник за извршен технички прием на објектот, спротивно на Законот за изградба на инвестициони објекти. Градежната книга не беше приложена на увид.

**Препорака:**

- Пред да се започне со градба да се обезбеди дозвола за градба и сета потребна документација согласно позитивната законска регулатива;
- Евидентирањето на документацијата да се врши редовно а не кога по истита се плаќа;
- Документите да се уредни: потпишани од надзорен орган, инвеститор и изведувач, прилог градежна книга и градежен дневник а со завршната ситуација и документ за прием и предавање во употреба на објектот.

11.3.13.Поради евиденција на дел од настанатите расходи спротивно на Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за корисниците на буџетите, ревизијата утврди нереално искажување на расходите во Билансот на приходи и расходи, и тоа:

- Ставката Материјали е преценета за износ од 168 илјади денари, а поради што се потценети ставките:
  - други оперативни расходи во износ од 88 илјади денари,
  - тековно одржување во износ од 10 илјади денари,
  - купување опрема во износ од 19 илјади денари,
  - трансфери во износ од 20 илјади денари,
  - изградба, реновирање и унапредување во износ од 31 илјади денари;
- Ставката Тековно одржување е преценета во износ од 5 илјади денари за кој износ е потценета ставката Договорни услуги поради несоодветно евидентирани расходи за поправка на озвучување во општинскиот совет по основ договор за дело.
- Ставката Договорни услуги е преценета во вкупен износ од 158 илјади денари, а поради што се потценети ставките:
  - ставката Изградба, реновирање и унапредување за 66 илјади денари поради погрешно евидентираната исплата кон Алфа Инженеринг за извршеното расчистување на терен за изградба и
  - ставката Набавка на опрема во износ од 92 илјади денари за погрешно евидентирање на фактура од КАД Биро за извршена набавка на програмски пакет ПЛАТЕА модул Ситуација, за потребите на работењето на општината. Истовремено извршено е потценување на ставките Опрема и Деловен фонд поради погрешно третирање на овој договор како тековни расходи, а не како подобрување на софтверот на опремата.
- Ставката други договорни услуги е преценета за износ од 73 илјади денари за кој износ е потценета ставката Тековно одржување поради погрешна евиднција на фактура од Јефута -Инжинеринг за чистење на градот од смет. Поради проблемите на ЈП Комуналец со опремата за расчистување на градот од смет, општина Гостивар ја превзема обврската кон Јефута инженеринг.

**Препорака:**
Доследна примена на Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план за буџетите.

### 11.4. Неправилности во искажувањето на билансот на состојба

11.4.1. Во сметководствената евиденција не е евидентирана набавката и давањето во употреба на ситен инвентар во употреба во вкупен износ од 107 илјади денари, спротивно на Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и тоа:

- знамиња во вредност од 76 илјади денари;
- електрична косилка за трева во износ од 13 илјади денари;
- телефон панасоник во износ од 6 илјади денари;
- мобилен телефон нокиа 6 илјади денари,
- теписон во износ од 6 илјади денари.

Причината за неевидентирањето е непримена на сметководствена политика за евидентирање на набавката и давањето во употреба на ситниот инвентар.

**Препорака:**
Согласно сметководствените принципи и начела утврдени со Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници да се врши евидентирање на набавениот ситен инвентар и неговото давање во употреба со соодветно зголемување и намалување на Фондот на залихи на материјали и ситен инвентар.

11.4.2. Ставката Капитални средства во Билансот на состојба на ден 31 декември 2004 година во делот на подставката Опрема е потценета за 168 илјади денари, поради неевидентирање на набавена опрема спротивно на Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, и тоа:

- за извршените набавки на сталажи, комоди и надкасни во износ од 73 илјади денари, и
- за набавка на систем за контрола на паркинг простор, вграден пред зградата на општината во износ од 95 илјади денари.

На ревизијата не и беше објаснета причината за неевидентирање на овие средства.

**Препорака:**
Надлежното одделение за сметководство во Општина Гостивар да преземе мерки за евидентирање на набавената опрема како и да изврши пресметување на амортизација согласно пропишаните стапки со Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

11.4.3. Позицијата Материјални средства во Билансот на состојбата е потценета во вкупен износ од 1.325 илјади денари поради што е потценета ставката градежни објекти поради неевидентирање на

- ископ на цевки и приклучоци за вода, канализациони цевки и градежно земјени и занатско земјени работи на ул. Иво Лола Рибар која вредност на инвестицијата е 297 илјади денари;
- реконструкција на дел од улица Борис Ќидрич во вкупен износ од 220 илјади денари и
- машински ископ, проширување, тампонирање и поставување на камена ситнеж на траса во с.Балиндол од Фортеса инжењеринг -Гостивар во износ од 450 илјади денари.
- изградба на објектот Фонтана во центарот на градот за изработка и набавка на млазници, набавка и уградба на мозаик плочки и механички пловак за контрола на ниво на вода, изработка на електро и водоводна инсталација, постаување на потопна пумпа чија вредност е 361 илјади денари. Изведбата на објектот е доверена на формта „Адмирал “ Куманово.

Како ефект од ова неевидентирање извршено е потценување на позицијата Извори на капитални средства од 1,325 илјади денари во Билансот на состојба.

Причина за неевидентирањето на овие набавки како зголемување на Материјалните средства и нивните извори (според објаснувањето одоговорните лица) е поради тоа што сметката на Органот после јуни 2004 година е блокирана, па исплатите од буџетот по програмите од органот не се евидентирани во буџетот.

**Препорака:**

Кај капиталните трошоци потребна е да се врши разграничување на трошоците и доколку се работи за инвестициона изградба да се евидентира како зголемување на вредноста на материјалните средства и деловниот фонд.

11.4.4. Ставката Краткорочни обврски за даноци и Активни временски разграничувања во Билансот на состојба се потценети во износ од 360 илјади денари за неплатениот персонален данок спротивно на Законот за персонален данок на доход, за извршените исплати по следните основи:

- за исплатен паушал на советниците во износ од 665 илјади денари;
- исплатените надоместоци на градоначалникот, секретарот на советот и градскиот архитект во износ од 210 илјади денари;
- исплатен надомест за хранарина за 12 месеци во износ од 85 илјади денари;
- исплатен теренски додаток во износ од 99 илјади денари;
- за платена сметка за ноќевање на странски гости во износ од 10 илјади денари;
- исплатени 17 илјади денари за набавка на гориво за возила кои не се сопственост на опшитната;
- за одобрени средства за издавање книга 20 илјади денари;
- исплати по основ договор на дело во вкупен износ од 754 илјади денари;
- за исплатените средствата на физички лица како социјално загрозени лица во износ од 187 илјади денари;

Непочитување на оддредбите од Законот за персонален данок на доход е причина што со години наназад општина Гостивар не пресметува и неплаќа персонален данок од доход освен при исплата на плати.

**Препорака:**

При исплати во пари или давања во стоки и услуги на физички лица по основи кои не се предвидени во ослободувањата согласно член 6 од Законот за персонален данок на доход, треба да се пресмета и плати персонален данок .

11.4.5. Преку сметката на буџетот уплатени се 160 илјади денари на име основачки влог за Фондација за развој на информатички центар Гостивар. Оснивачките права се регулирани во статутот на Фонадацијата, каде општина Гостивар се јавува како основач со учество од 50%. Спротивно на Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници овие права не се евидентирани поради што се потценети Нематеријалните вложувања и Изворите на капитални средства кое придонесува за нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**

Согласно Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници, ревизијата препорачува надлежното одделение за сметководство да изврши евидентирање на овие вложувања.

**11.5.Ненаменско и незаконско користење на средствата**

11.5.1. Направени се расходи без предходно обезбедени средства со буџетот

Извршени се расходи за кои не се обезбедени средства од буџетот на општината за 2004 година во износ од 1,924 илјади денари, а кои се однесуваат за позицијата Стоки и услуги. Ова придонесува за ненаменско користење на средствата со кои располага единицата на локалната самоуправа.

11.5.2. Поради неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки се утврдени следните наоди:

- Не е спроведена соодветна постапка за јавни набавки во вредност од 1,551 илјади денари (Прилог бр.1).
- Не е донесен интерен акт – Правилник за регулирање на начинот и постапката на набавките од мала вредност;
- Не се води посебна евиденција за малите набавки.

Неспроведување на постапките за јавни набавки соглано Законот за јавни набавки создаваат можност за фаворизирање на одредени фирми, ја спречуваат конкуренцијата и придонесуваат за набавки по зголемени цени.

**Препорака:**

Да се обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката, а особено:

- Општината до крајот на јануари од тековната година да донесе план за вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на производи (стоки), услуги и работи, со кој се определува и динамиката за реализација на набавките и постапката за јавна набавка која ќе се користи;
- Општината да донесе интерен акт за регулирање на начините на набавките од мала вредност.

11.5.3. По објавата за отворен повик и извршениот избор на изведувачи во преткваликациите, комисијата за јавни набавки не постапува согласно член 60 од Законот за јавни набавки (Сл. Весник на РМ 19/2004).

11.5.4. Општина Гостивар не постапува согласно член 22 од Законот за јавни набавки во смисла на утврдување на максималната цена потребна за вкупната набавка, над која не може да биде прифатена понудата.

11.5.5. Извршените набавки на прехрамбени производи, канцелариски материјали и други ситни набавки со сметкопотврди во износ од 288 илјади денари се во спротивност со член 73 од Законот за јавни набавки (Сл. Весник на РМ 19/2004).

12. Вкупниот ефект од изнесените наоди во точките од 11.3. е преценување на приходите во износ од 10.827 илјади денари, преценување на расходите во износ од 998 илјади денари и преценување на вишокот на приходи над расходи за вкупен износ од 9,829 илјади денари во Билансот на приходи и расходи за 2004 година. Вкупниот ефект од наодите во точка 11.4. е потценување на билансните позиции во Билансот на состојбата за 2004 година во вкупен износ од 2.013 илјади денари.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките од 11.1. до 11.4. финансиските извештаи не ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Гостивар на ден 31 Декември 2004 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

14. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.3. и 11.5. кај Буџетот на општина Гостивар не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

**Скопје, 04.01.2006 година** **Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**

**БУЏЕТ НА ЕЛС ГОСТИВАР**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.3. | 13,328 | 11,413 |
| Неданочни приходи | 3.4. | 11,387 | 10,421 |
| Трансфери и донации | 3.5. | 8,420 | 3,396 |
| **Вкупно приходи** | | **33,135** | **25,230** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.1.1. | 12,659 | 10,951 |
| Стоки и други услуги | 3.1.2. | 9,856 | 8,985 |
| Тековни трансфери | 3.1.3. | 793 | 1,098 |
| Каматни плаќања | 3.1.4. | 23 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **23,331** | **21,034** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 8,419 | 2,209 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **8,419** | **2,209** |
| **Вкупно расходи** | | **31,750** | **23,243** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **1,385** | **1,987** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **1,385** | **1,987** |

**БУЏЕТ НА ЕЛС ГОСТИВАР**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 1,385 | 1,987 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1,385** | **1,987** |
| **Вкупна актива** | | **1,385** | **1,987** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 1,385 | 1,987 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **1,385** | **1,987** |
| **Вкупна пасива** | | **1,385** | **1,987** |

***Ул:"Маршал Тито"бр.12/3***
***Палата Македонија-Скопје;***
***тел: 3211-262; факс: 3126-311***

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

***Број 1404-56/11***
***Скопје, 08.03.2006 година***

Согласно член 27 став 5 од Законот за државна ревизија („Службен весник на РМ„, број 73/2004) , по добиен Приговор,број 1404-56/8 од 16.02.2006 година, на Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2004 година на Буџетот на Општина Гостивар, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесува следното :

## Р Е Ш Е Н И Е
### *по поднесен приговор на Конечен извештај*

1. Приговорите по точките 11.2.1.;11.2.2.;11.2.9.;11.3.4.;11.3.5;11.3.9.;11.3.13.;11.4.4. и по Прилог број 1 по Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2004 година на Буџетот на Општина Гостивар не се прифаќаат.

2. Решението по доставениот Приговор на Конечниот извештај претставува прилог на конечниот извештај и интегрално се интерпретира во годишниот извештај.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2004 година на Буџетот на Општина Гостивар поднесен е приговор број 1404-56/8 од 16.02.2006 година од одговорното лице на субјектот за периодот за кој е вршена ревизија.

Образложенијата за неприфаќање на приговорот се следните:

1. Приговорот на наодот од точка 11.2.1. а кој се однесува на остварување на приходи по основ на такси за добивање на лични документи, **не се прифаќа** поради тоа што е постапено спротивно на член 5 од Законот за буџетите, единиците на локалната самоуправа не остваруваат приходи по основ административни такси за добивање на лични документи .

2. Приговорот на наодот од точка 11.2.2. **не се прифаќа** од причина што е постапено спротивно на Законот за буџетите вршени се директни исплати од сметката на буџетот кое е спротивно на Законот за буџетите.

3. Приговорот на наодот на точка 11.2.9. **не се прифаќа** и останува како наод во Конечниот извештај од причина што е постапувано спротивно на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Не се почитувани ниту одредбите од Законот за јавни патишта, општина Гостивар не води евиденција за состојбата на локалните патишта и улици.

4. Приговорот по наодот од точка 11.3.4. што се однесува за склучени договори со соинвеститори кои не се доволни прецизни во делот на обврските на соинвеститорите, **не се прифаќа** од причина што по истите не е постапено.  Ниту е донесена Одлука од Советот за постапување поради неможноста некои од соинветиторите да ги исполнат своите обврски.

5. Приговорот по наод 11.3.5**. не се прифаќа** од причина што е постапено спротивно на одредбите од Законот за исплата на плати во Република Македонија. Исплатата на платите на Секретарот на Советот и Градскиот архитект е извршена согласно Законот платите и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и на другите избрани и именувани лица во Републиката, иако овој Закон не ги третира платите на овие лица, овие лица немаат третман на функционери.

6. Приговорот по наод 11.3.9. а кој се однесува за исплата на надоместоци на градоначалникот, секретарот и градскиот архитект **не се прифаќа** од причина што е постапено спротивно на одредбите од Законот за платите и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката, исплаќани се надоместоци за кои непостои законски основ.

7. Приговорот по наодот од точка 11.3.13.  кој се однесува на изградба на фонтана на градскиот плоштад каде изведувач е „Адмирал„ Куманово, кои трошоци се на основа на некомплетна документација, **не се прифаќа** од причина што е постапено спротивно на Законот за инвестициона изградба.

8. Приговорот по наодот од точка 11.4.4. кој се однесува за непресметување и неплаќање на персонален данок на исплати на физички лица по основи за кои постои законска обврска за плаќање на персонален данок, **не се прифаќа** од причина што е постапено спротивно на одредбите од Законот за персонален данок на доход поточно член 3 од Законот.

9. Приговорот по наодот од точка 11.5.2. што се донесува на јавните набавки поточно приговорот по Преглед број 1 во точките 5, 4, 8 и 9 не се прифаќа од причина што е постапувано спротивно на Законот за јавни набавки.

**Главен државен ревизор**

**Д-р   Драгољуб Арсовски**